# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за работењето на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје**
**во 2025 година**

**Вовед**

Овој извештај се однесува на работењето на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје за деловната 2025 година.

Органот на управување на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје, согласно со Законот за трговските друштва должен е на крајот на секоја деловна година да презентира годишен извештај за работењето на Друштвото.

**Дејност**

Основна дејност што ја обавува ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје е дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници.

**Макроекономски и пазарни услови во кои работеше Друштвото во 2025 година**

Општите услови за работење во текот на 2025 година беа слични како и во претходната година. Во текот на 2025 година немаше позначајни промени во прописите што имаат влијание врз работењето на Друштвото.

**Резултати од работењето во 2025 година**

| во илјади денари | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Вкупно оперативни приходи | 29.195 | 30.435 |
| Вкупно оперативни расходи | 28.241 | 31.557 |
| Добивка / загуба од работење | 954 | -1.122 |
| Финансиски приходи/расходи | -5 | 0 |
| Добивка / загуба пред оданочување | 949 | -1.122 |
| Данок на добивка | -392 | -70 |
| Добивка / загуба по оданочување | 557 | -1.192 |

Во 2025 година остварена е добивка по оданочување во износ од 557 илјади денари во однос на загубата остварената во 2024 година која изнесуваше 1.192 илјади денари.

**Политика на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста**

Во текот на 2025 Друштвото има набавка на опрема во износ од 326 илјади денари.

**Политика на дивиденди**

Во текот на 2025 Друштвото нема исплатено дивиденда на својот акционер.

**Извори на средства на друштвото и односот на долгорочниот долг спрема главнината**

За извршување на својата дејност во текот на 2025 година, исто како и во 2024 година, Друштвото не користеше краткорочни и долгорочни кредити. Во структурата на пасивата капиталот и резервите на 31.12.2025 година учествуваат со 94,93% (87,79% на 31.12.2024 година), а што укажува на висок процент на финансирање на работењето од сопствени извори.

**Политика на управување со ризикот**

Политиките за управување со ризикот ги донесува извршниот директор на Друштвото, а кои истовремено е задолжен и за нивно оперативно спроведување. Како позначајни активности се: следење на приливите и одливите на паричните средства, дефинирање на надлежностите и одговорностите на вработените, поединечно следење на пооделни значајни компоненти како што се побарувањата од купувачите и обврските спрема добавувачите, обезбедување на извори на средства и слично.

**Активности во сферата на истражувањето и развојот**

Во текот на 2025 година ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје, имајќи ја во предвид дејноста што ја обавува, нема направено истражувачки активности.

**Откупени сопствени акции**

Во текот на 2025 година нема стекнување на сопствени акции на Друштвото.

февруари, 2026 година

Извршен директор

Даниела Илиоска

Осигурително брокерско друштво ПОЛИСА ПЛУС АД СКОПЈЕ